Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01 - 151/1
14.07 2021 год
ВЕЛЕС

Врз основа на член 23, став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен Весник на РСМ бр.24/2021 од 29.01.2021), Советот за развој на Вардарски плански регион на својата седница одржана на ден 14.07.2021 година, донесе:

# ДЕЛОВНИК

## за работа на Советот за развој на Вардарски плански регион

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Совет за развој на Вардарски плански регион е тело за усогласоување и спроведување на политиките за развој на планскиот регион.

Советот за развој на Вардарски плански регион (во понатамошниот текст: Советот) го сочинуваат градоначалниците на единиците на локална самоуправа што влегуваат во состав на планскиот регион, а во него припаѓаат општините: Велес, Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Чашка, Градско, Росоман, Свети Николе и Лозово.

Членови на Советот за развој на Вардарски плански регион со право на глас се градоначалниците на општините што влегуваат во состав на планскиот регион и по еден претставник од здруженијата и од бизнис заедницата, без право на глас.

Во работата на Советот службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. На седница на Советот можат да одржат говор и странски државници и граѓани на странски држави како гости. Говорот одржан на јазикот на странски државници и граѓани на странски држави се преведува на македонски јазик.

## II.КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ

**Член 2**

Верификација на мандатот на членовите на Советот

Конституирањето на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот која што ја свикува градоначалникот на општината со најголем број на жители во планскиот регион, во рок од 30 дена од денот на верификација на мандатите на градоначалниците.

Во случаај кога градоначалникот од став 2 од овој член, не ја свика конститутивната седница во определен законски рок, Советот се конституира со мнозинство гласови од вкупниот број членови, кои може да бидат свикани од градоначалник на општина во состав на Вардарски плански регион.

Советот е конституиран доколку на конститутивната седница присуствуваат и им се верификуваат мандатите на мнозинството од вкупниот број членови на Советот, по предлог на Верификационата комисија. Верификационата комисија ја избира Советот по предлог на членовите на Советот, за времетраење на мандатот на Советот. Верификационата комисија се состои од претседател и два члена. Комисијата врз основана исвестувањето на Општинската изборна комисија, доставените уверенија за извршениот избор на членовите и утврдувањето на нивниот идентитет, поднесува извештај со предлог за верификација. Советот извештајот со предлогот го разгледува во целина.

Верификационата комисија, може да оспори решенија издадени од Општинската изборна комисија, за избор на одделни членови на Советот и да предложи верификацијата на мандатот да се одложи заради утврдување дали тие се издадени согласно постигнатите изборни резултати на учесниците. Верификацијата на мандатот на член на Советот може да се одложи ако Комисијата:

- со сигурност не може да го утврдинеговиот идентитет (исто име и презиме со други личности);
- настапила фактичка неможност за
верификација на мандатот под услови утврдени со закон (во случај на смрт, престанок на жителството во општината, правосилна пресуда за кривично дело или донесено решение за одземање на деловната способност).

Верификационата комисија му поднесува извештај на Советот со предлог на кои членови на Советот треба да им се верификуваат мандатите, а на кои треба да се одложи верификацијата на мандатите. Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот одлучува по предлогот на Комисијата за верификација, за верификација на мандатите на присутните членови на Советот.

Советот со мнозинство гласови на вкупниот број членови на Советот, одлучува за секој предлог на Комисијата за верификација, за одлагање на верификацијата на мандатот на членови на Советот.

Доколку предлогот за одлагање на мандатот не го добие потребното мнозинство се смета дека Советот, го верификувал мандатот на членот на Советот, чие одлагање се барало.

Одлагањето за верификација на мандатот по предлог на Комисијата за верификација не може да биде подолг од 30 дена.

Член на Советот чиј мандат е оспорен или чија верификација е одложена, има право да присуствува на седница на Советот и да учествува во работата, без право на одлучување.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, како и на оние чија верификација е одложена, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

Советот е конституиран ако се верификуваат мандатите на повеќе од половината од вкупнот број членови на Советот.

**Член 3**

Советот за развој на планскиот регион ги врши следниве работи:

- ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој;
- донесува Програма за развој на планскиот регион, по претходна согласност од Советот;
- донесува Годишен акционен план за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- утврдува годишна листа на проекти за развој на планскиот регион, - доставува предлози до Министерството за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби во рамките на планскиот регион, согласно со критериумите од членот 8 од Законот за рамномерен регионален развој;
- обезбедува координација на активностите на општините, здруженијата, државните органи и институции во рамките на регионот кои дејствуваат во областа на регионалниот развој;

- иницира разгледување на прашања поврзани со регионалниот развој за кои е неопходна координација меѓу општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и партнерите од приватниот и граѓанскиот сектор;

- ја промовира прекуграничната соработка со региони од други земји врз основа на заедничките интереси;

- Советот за развој на планскиот регион усвојува и доставува до Министерството Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година;

- врши избор на Директор на Центарот за развој на Вардарски плански регион согласно член 26, став 9, а согласно условите во член 27 од Законот за рамномерен регионален развој;

- определува вршител на должност директор на Центарот за развој на Вардарски плански регион се до избор на нов Директор, од редот на вработените службеници во Центарот;

- носи одлука за организација на стручната служба на Центарот;

- одредува број на вработени службеници во Центарот и нивните плати;

- врши други работи од обласста на регионалниот развој утврдени со закон.

**Член 4**

Со работата на Советот раководи Претседателот на Советот, а во негово отсуство го заменува од него овластено лице од редот на членовите на Советот.

Претседателот на Советот за развој на Вардарски плански регион се избира од редот на градоначалниците кои се членови на Советот, со мандат од една година без право на повторен избор во тековниот мандат.

Изборот на претседател на Советот се врши со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови во Советот.

**Член 5**

**III СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ**

Советот се состанува по потреба, а најмалку четири пати во годината.

**Член 6**

Седница на Совет свикува Претседателот на Советот или по барање на најмалку 1/3 од членовите на Советот, според писмено образложение од страна на предлагачите за потребата од свикување на седница на Совет.

Седница на Советот се свикува најмалку 7 дена пред одржувањето, а може и во пократок рок доколку се однесува за итност на прашањето.

За итноста на прашањето одлучува Претседателот или предлагачите за свикување на итна седница на Советот.

Конститутивната седница на Советот, ја свикува градоначалникот на единицата на локална самоуправа со најголем број на жители во планскиот регион.

**Член 7**

Присуство на Седниците на Совет престставува право и обврска на секој негов член, како и активно да учествува и непосредно да се ангажира при донесувањето на Одлуките.

Претседателот на Советот:

- Ги свикува и раководи со Седниците;
- Се грижи за организацијата и работата на Советот;
- Ги потпишува одлуките и актите донесени од Советот;
- Ја поттикнува и помага меѓусебната соработка помеѓу членовите на Советот и се грижи за нивната соработка со други институции и тела;
- Се грижи за примена на Деловникот;
- Ги толкува одредбите од Деловникот;
- Иницира и остварува соработка и кординација со други национални тела;
- Врши и други работи определени со закон и со овој Деловник.

**Член 8**

Членот-претставник од здруженијата во Советот за развој на планскиот регион се избира по пат на јавен повик, со мандат од четири години.

Јавниот повик за избор на членот-претставник од здруженијата од ставот (1) на овој член, го распишува Советот за развој на планскиот регион, во рок од 30 дена од денот на конституирањето на Советот за развој на планскиот регион, а истиот се објавува во два печатени медиуми, од кои еден на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во два локални или регионални медиуми, како и на веб-страницата на Центарот за развој на планскиот регион.

Основни критериуми за избор на член-претставник од здруженијата во Советот за развој на планскиот регион од ставот (1) на овој член се:

- правните лица, апликанти да бидат регистрирани најмалку две години, со седиште и делување на подрачјето на општина во состав на планскиот регион,

- правните лица, апликанти согласно со Статутот на организацијата да делуваат во областа на локалниот и на регионалниот развој и

- правните лица, апликанти да имаат имплементирано најмалку два проекти од областа на локалниот и регионалниот развој.

Јавниот повик го спроведува комисија, формирана од претседателот на Советот за развој на Вардарски плански регион, која ја сочинуваат три членови, преставници од организационата единица надлежна за локален економски развој од општините, кои што се во состав на планскиот регион.

Врз основа на јавниот повик, комисијата ги разгледува доставените пријави и составува листа на здруженија кои ги исполнуваат критериумите од огласот.

Деталните услови за аплицирање и избор на член-преставник од здруженијата од ставот (1) на овој член, се наведуваат во јавниот повик.

Пријавените кандидати кои ги исполнуваат критериумите од јавниот повик, со мнозинство гласови одлучуваат кој од нив ќе ги преставува во Советот за развој на Вардарски плански регион, на состанок организиран од претседателот на комисијата во рок од 15 дена од денот на завршување на јавниот повик.

Претседателот на комисијата упатува официјална покана до здруженијата кои се пријавиле на јавниот повик од ставот (2) на овој член.

Поканата од ставот (8) на овој член се објавува на веб-страницата на Центарот најмалку три дена пред датумот на одржување на состанокот.

На членот преставник од здруженијата му престанува мандатот од ставот (1) од овој закон:

- со истекот на мандатот и

- во случај на смрт.

Членот-преставник од здруженијата може да биде разрешен и пред завршувањето на мандатот од ставот (1) на овој член, ако:

- тоа сам го побара,

- со разрешување од Советот за развој на Вардарски плански регион на предлог на претседателот на Советот за развој на планскиот регион со двотретинско мнозинство,

- е осуден со правосилна судска пресуда за кривична дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци,

- не учествува во работата на Советот, три седници последователно или

- ако тоа го побараат здруженијата коишто го избрале со мнозинство на гласови.

Доколку во рок од 30 дена од денот на конституирање на Советот за развој на Вардарски плански регион не се распише јавен повик за избор на член, претставник од здруженијата, јавниот повик го распишува министерот.

Претставник од бизнис заедницата во Советот за развој на Вардарски плански регион се избира од редот на репрезентативни здруженија на работодавачи од планскиот регион.

Претседателот на Советот за развој на Вардарски плански регион во рок од 30 дена од денот на конституирањето на Советот за развој на Вардарски плански регион доставува писмено барање до репрезентативните здруженија на работодавачи за номинирање на претставник од бизнис заедницата.

Доколку во планскиот регион има само едно репрезентативно здружение на работодавачи, тоа го предлага членот во Советот за развој на Вардарски плански регион во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото барање од страна на претседателот на Советот за развој на Вардарски плански регион.

Доколку во планскиот регион има повеќе од едно репрезентативно здружение на работодавачи, изборот на членот во Советот за развој на Вардарски плански регион се прави од здружението кое има најголем број на членки во тој регион.

Во работата на Советот за развој на Вардарски плански регион можат да учествуваат и стручни лица од областа на регионалниот развој, претседателите на советите на општини, како и претставници од националните институции и донаторските организации.

**Член 9**

Член на Советот не може самостојно да донесе Одлука или друго Решение.

**Член 10**

Советот може да работи и полноправно одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

**Член 11**

Советот за развој на Вардарски плански регион по правило одржува седници во седиштето на најголемата по број на жители општина во планскиот регион или во општината од каде што е избран претседателот на Советот за развој на Вардарски плански регион.

Претседателот на советот, по потреба може да свика и да раководи со седница на Советот и со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки).

Седниците почнуваат во закажаното време и на закажаното место за оддржување на седницата.

За присуство се води евиденција.

## IV ПРОЦЕДУРАЛНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Седниците започнуваат со усвојување на Записник од предходната седница, потоа се утврдува Дневен ред, чиј предлог на членовите им се доставува во писмена форма, со покана за свикување на седнива на Совет.

Некои точки од предлогот на дневен ред може да бидат објавени и однапред, на последната одржана седница.

Проширувањето на дневниот ред може да се врши и пред неговото усвојување, по барање на член или според укажаната потреба.

Усвојувањето на дневниот ред се врши со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

**Член 13**

Редовни точки на Дневниот ред се: Усвојување на записник од предходната седница и информации за настаните и активностите, во период помеѓу последната седница на Советот и тековната седница на Советот.

**Член 14**

За текот на седницата се води записник. Записникот и евиденцијата на присуство ги води стручно лице од Центарот за развој на Вардарски плански регион.

**Член 15**

Барање на збор се регистрира по редот на пријавување.

**Член 16**

Известувањето по некоја тема може да трае најмногу 30 минути, учество во расправа по 15 минути и реплика по 5 минути. Не придржувањето кон овие ограничивања Претседателот ги проследува со опомена, а при повторно не придржување, Претседателот го одзема правото за дискусија по таа тема или точката од дневен ред на членот на Советот кој не се придржува до Деловникот на Советот.

## V ОДЛУЧУВАЊЕ

**Член 17**

Советот за развој на Вардарски плански регион одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Одлуката за избор на Директор на Центарот за развој на Вардарски плански регион одлучува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

**Член 18**

Главната цел на одлуката, чие донесување е на дневен ред, се искажува со јасна формулација, а потоа се пристапува кон нејзино донесување.

Донесената одлука ја потврдува Претседателот со свој потпис на текстот на одлуката, а ставањето во сила на одлуката се врши наредниот ден.

**Член 19**

Покрај главната одредба, Одлуката треба да ги содржи и имињата на извршителите и другите важни елементи за нејзино извршување, рокови, средства и др.

Извршувањето или придржувањето кон одлуката е обврска на секој член на Советот.

Непосредните извршители, определени според донесената одлука, редовно го информираат Советот и Претседателот за нејзиното извршување.

## VI РАБОТНИ ТЕЛА

**Член 20**

Советот може да донесе одлука за формирање на рботни тела и комисии, со определен состав, мандат, надлежности и обврски.

Со одлуката од став 1 на овој член се определува составот и надлежностите на работните тела и комисии.

Членови на работните тела и комисии, покрај градоначалниците кои се членови на Советот, може да бидат и останати лица кои имаат познавање од регионалниот развој.

Со работните тела и комисии претседава и раководи, претседател на работното тело или комисија, кој се избира од редот на членовите на работното тело или комисија, со повеќе од половина гласови од вкупниот број на членови во работното тело или комисија на работното тело или комисија. Работата на работните тела и комисии ја кординира Претседателот на Советот или по негово овластување може и друг член на Советот.

Работните тела и комисии доставуваат извеќтај за нивната работа до Советот.

## VII ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

**Член 21**

Центарот за развој на Вардарски плански регион врши стручни и административни работи за потребите на Советот за развој на Вардарски плански регион.

Центарот за развој на Вардарски плански регион ја води архивата на Советот за развој на Вардарски плански регион.

## VIII ЈАВНОСТ

**Член 22**

Седниците на Советот по правило се јавни, но со посебна Одлука можат да се прогласат за затворени. За затворени не може да се прогласи онаа Седница на која се расправа за финансиското работење на Советот и Центарот за развој на Вардарски плански регион. На Седницата на Советот може да присуствуваат и други претставници на организации, институции, јавни работници и други.

## IX ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Се што не е уредено со овој Деловник, Советот го регулира со посебна Одлука која гласи: Деловничка Одлука.

**Член 24**

Овој Деловник влегува во сила наредниот ден од неговото донесување.

**Совет за развој на Вардарски плански регион**
**Претседател**
**Аце Коцевски**

ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
ВЕЛЕС